РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr. 12-434/5
04-11-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 41-вата седница одржана на 30.10.2026 година ја донесе следната

О Д Л У К А

Постапката по предметот со број 12-3461/1 од 29.12.2025 година, оформен по доставена пријава со наводи за незаконитости во постапка по интерен оглас на ///, СЕ ЗАПИРА.

ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување по предметот - за предметниот случај веќе постапил друг надлежен орган – Агенцијата за администрација на Република Северна Македонија којшто не утврдил неправилности, од каде произлегува дека наводите од пријавата не се потврдуваат.

Предметот со број 12-3461/1 од 16.11.2023 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 29.12.2025 година, поднесена е пријава со наводи за незаконитости во постапка по интерен оглас на /// и оформен е предмет број 12-3461/1 од 29.12.2025 година.

Наводите во пријавата се однесуваат на сомнежи за незаконитости во постапката по интерен оглас со број /// (арх.бр./// од /// година), за унапредување на административни службеници во ///, во која за работното место /// –/// со Одлука бр./// од /// година е избран кандидатот ///.

Во пријавата се изнесени наводи за фаворизирање на избраниот кандидат во постапката и се наведени повеќе околности кои според подносителот на пријавата на тоа упатуваат, како: составот на Комисијата за селекција, местото на живеење на избраниот кандидат, валидноста на приложеното лекарско уверение.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барања за доставување податоци и информации до Државниот управен инспекторат и до Агенцијата за администрација.

Од увидот во податоците, информациите и документацијата доставени на барање на ДКСК, утврдена е следната фактичка состојба:
По претходно прибавено Известување за обезбедени финансиски средства од Министерството за финансии (бр./// од /// година), од страна на /// била спроведена постапка за унапредување на административни службеници по интерен оглас број ///, во која биле донесени одлуки за избор на кандидати по интерниот оглас.
Со Одлука за избор на кандидат (бр./// од /// година), донесена согласно членот 52 од Законот за административни службеници од страна на државниот секретар на ///, за работното место /// – /// бил избран кандидатот ///. Во постапката од страна на Комисија за селекција за унапредување на административни службеници формирана со Решение од /// година, извршила административна селекција на пријавените кандидати кои ги исполнуваат условите предвидени во Законот за административни службеници и во Правилникот за систематизација на работните места во ///, по што, врз основа на освоените бодови од административната селекција и освоените бодови од интервјуто бил составен Записник и била изготвена финална ранг листа и предлог-одлука за избор на прворангираниот кандидат.
По донесените одлуки по интерниот оглас обезбедена е заштита пред Агенцијата за администрација, како второстепен орган надлежен да ја цени законитоста на спроведената постапка и на донесените управни акти.
До Агенцијата за администрација од страна на подносителот /// на /// година била поднесена Жалба против Одлуката бр./// од /// година во која се опишани повеќе околности поради кои подносителот на пријавата цени дека не е направен соодветен избор и поради кои се сомнева дека во постапката бил фаворизиран избраниот кандидат.
Комисијата на Агенцијата за администрација за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен постапила по поднесената жалба согласно своите законски овластувања и по добивање одговор на жалба и дополнителни писмени докази од првостепениот орган, на /// година донела Одлука со која жалбата се одбива како неоснована, а одлуката за избор на кандидатот се потврдува. Видно од образложението на оваа одлука, Комисијата на Агенцијата за администрација утврдила дека при спроведувањето на постапката за унапредување првостепениот орган правилно ја утврдил фактичката состојба по предметот и дека предметната постапка за унапредување ја спровел согласно позитивните законски и подзаконски прописи.

Видно од образложението на Одлуката на Агенцијата за администрација, при одлучувањето на соодветната Комисија биле разгледани околностите кои во пријавата доставена до ДКСК се наведени како околности кои упатуваат на фаворизирање на избраниот кандидат.

Од горенаведеното, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување по предметот од причина што за предметниот случај веќе постапил друг надлежен орган – Агенцијата за администрација на Република Северна Македонија којшто не утврдил неправилности, од каде произлегува дека наводите од пријавата не се потврдуваат.

Следствено, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје Shkup KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Republika e Maqedonisë së Veriut

Претседател

Адем Чучуљ

Изработил: А.Р.М., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил/Miratoi: S.D.,член/anëtar

Доставено до:
- подносителот на пријавата